# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXXI<br>Број 5<br>Куманово<br>29 април<br>2026 г. | Претплата за 2026 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


188.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за авто-такси превоз за патници во Општина Куманово бр. 09 – 6833/12 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-7258/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

189.

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

О Д Л У К А
**за изменување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општината Куманово**

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општинатa Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.14/18 и 3/22), се вршат следните измени:

Член 1

„Во член 14 став 2 точка 2, бројот 80 се заменува со бројот 100“

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 6833/12
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**190.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање согласност за времена реализација на воспитно – образовниот процес за учениците од УОМО „ Панче Пешев“ – Куманово во училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за давање на согласност за времена реализација на воспитно – образовниот процес за учениците од УОМО „Панче Пешев“ – Куманово во училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ“ Куманово бр. 09 – 6833/13 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7260/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**191.**

Врз основа на член 7 и член 50, став 9 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Договор за реконструкција на УОМО „Панче Пешев“ Куманово помеѓу UNDP и ХИЛДИНГ КОМЕРЦ - ДООЕЛ Тетово, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за времена реализација на воспитно - образовниот процес за учениците од УОМО „Панче Пешев" – Куманово во училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ" Куманово**

**Член 1**

Советот на Општина Куманово дава согласност за времена реализација на воспитно - образовниот процес за учениците од УОМО „Панче Пешев" – Куманово во училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ" Куманово.

Сите ученици да посетуваат настава во училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ" Куманово.

**Член 2**

Училишните простории на ООУ „Вук Караџиќ" Куманово да ги исполнуваат условите според Нормативот за просторни услови за изведување на наставен процес.

**19,Член 3**

Одлуката има ограничено временско важење до создавање на услови за непречено одвивање на наставен процес во УОМО „Панче Пешев " – Куманово.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 6833/13
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

192.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката прифаќање на донација бр. 09 – 6833/14 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-7261/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

193.

Врз основа на член 36 ст.1 точка 10 и т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02" и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24 година), член 10 став 1 алинеја 2 од Закон за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 68 од Статутот на Општина Куманово(„Службен гласник на Општина Куманово бр.13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана 27 април 2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука на општина Куманово се прифаќа донација од давателите на донација ДГТУ „Мато Инженеринг" ДООЕЛ Куманово и ДГТСУ „Техноклима Куманово" ДООЕЛ Куманово на услуга-Изградба на канализациона мрежа на сервисна улица 2 предвидена во ДУП за дел од УЕ Проевце, Урбан Блок 23а, општина Куманово во вредност од 1.932.873,00 денари за која има издадено Одобрение за градење бр.21-11871/4 од 02.03.2026 година донесено од Градоначалник на општина Куманово, правосилно на ден 30.03.2026 година, која ќе се реализира на начин што давателите на донација ќе ангажираат правно лице со овластување за изведба на наведената градба од втора категорија, кое ќе ги изведе градежните работи, на коишто надзор ќе изврши правно лице овластено од Општина Куманово и по добивање на Конечен извештај за технички преглед од надзорен инженер давателите на донацијата со записник ќе ја предадат во владение градбата на примателот на донација-општина Куманово.

Член 2

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа одлука ќе се уредат со договор за донација согласно Закон за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11 ,28/14 и 153/15) и при спроведување на договорот ќе се почитуваат сите позитивно правни прописи кои се применуваат на територија на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Куманово.

Бр. 09-6833/14<br>27 април 2026 година<br>Куманово

Совет на Општина Куманово<br>Претседател,<br>**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

194.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за прифаќање донација**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката прифаќање на донација бр. 09 – 6833/15 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-7262/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

195.

Врз основа на член 36 ст.1 точка 10 и т.15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02, „Службен весник на РСМ" бр. 202/2024 година) и член 68 од Статутот на Општината Куманово(„Службен гласник на Општина Куманово бр.13/03, 13/07 и 8/15), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА

Член 1

Со оваа одлука на општина Куманово се прифаќа донација од Тиролска Покраинска Влада 6010 Инсбрук, Австрија, ЕОРИ број ATEOC1000072105 на три Противпожарни возила и тоа:

1.Тип:Mercedes BENZ 316 CDI
Каросерија Marte
Број на шасија:WDB 903 672 1R 772 407
Број на мотор:612 981
Боја:Црвена
Година на производство:2005
Вредност:12.000-Евра

2.Тип:Mercedes BENZ /1935 AK
Каросерија Marte
Број на шасија:WDB 646327-15-409 903/1989
Број на мотор:442.962-10-483 620/1989
Боја:Црвена
Година на производство:1989
Вредност:35.000-Евра.

3.Тип: MAN 14 224 LAC/-

Каросерија Lohr
Број на шасија:WMAL 800 008 Y02 6545
Број на мотор:1588 2495 7053 71
Боја:Црвена
Година на производство:1996
Вредност:25.000-Евра.

Член 2

Меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа одлука ќе се уредат со договор договор за донација согласно Закон за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/11 ,28/14 и 153/15).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Куманово.

Бр. 09 – 6833/15
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**196.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за давање на согласност објект сопственост на Општина Куманово да се даде под закуп по пат на електронско јавно наддавање**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за давање на согласност објект сопственост на Општина Куманово да се даде под закуп по пат на електорнско јавно наддавање бр. 09 – 6833/16 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7263/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**197.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24...), член 68 и член 25 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 и 8/15), а во врска со член 3 став 2 и член 67

став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/2025), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 27 април 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за давање на согласност објект сопственост на Општина Куманово да се даде под закуп по пат на електронско јавно наддавање**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Куманово дава согласност Општина Куманово да спроведе постапка за давање под закуп на објект, сопственост на Општина Куманово за период од 15 години, кој ги има следниве катастарски индикации:

-к.п.19554/7, ул„Моша Пијаде" бр.1, намена Д3-8, влез 1,кат ПР, број 1, Намена на посебен заеднички дел Т, со отворена површина од 5580м2, запишан во Имотен лист број 84998 за КО Куманово.

Почетна цена во постапка за електронско јавно наддавање ќе биде 15.400,00 денари.

Член 2

Во постапка за електронско јавно наддавање ќе се предвиди дека закупецот кој ќе биде избран ќе се обврзе да ги преземе обврските кои имаат финансиски импликации и кои не се во исклучива законска надлежност на општина Куманово, а коишто општина Куманово се обврзала да ги исполни со Договор за регулирање на меѓусебни права и обврски во врска со набавка и поставување на вештачка трева на фудбалско игралиште во Куманово склучен на ден 16.04.2026 година помеѓу општина Куманово и Фудбалска федерација на Македонија, како и обврските кои произлегуваат за општина Куманово, а се однесуваат на првенственото право на користење на објектот од член 1 на оваа одлука на начин како што е регулирано со договорот цитиран во овој член и исто така ќе се предвиди соодветна клаузула за заштита на општина Куманово во случај на неисполнување на обврските.

Во постапка за електронско јавно наддавање ќе се предвиди дека закупецот кој ќе биде избран ќе биде должен обврските кои произлегуваат од договорот цитиран во претходниот член и тоа: подмирување на трошоците за расчистување на локацијата, изведување на градежни работи до фаза на поставување на вештачка трева што ќе биде обврска на ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА, отстранување на сите непредвидени препреки кои ќе се појават во текот на изведување на градежните работи(бунари, водоводи, канализациони шахти, подземни, електрични и телефонски водоводи, градежен шут, ѓубриште, дрва, грмушки и др.), подготвување на теренот за изведување на градежни работи и други предвидени работи да ги исполни во рок од 1(една) година од потпишување на договорот. Доколку се појават објективни причини поради кои не може да ги изврши наведените обврски, закупецот може со образложено писмено барање да побара од општина Куманово продолжување на рокот, за коенешто општина Куманово ќе одлучи врз основа на сопствена проценка на фактичките околности.

Член 3

Во постапка за електронско јавно наддавање ќе се предвиди дека вредноста на вложувањата на закупецот како и трошоците кои за истиот ќе произлезат од исполнување на обврските предвидени во Договорот склучен помеѓу општина Куманово и Фудбалска федерација на Македонија цитиран во член 2 на оваа одлука, како и други вложувања кои ја зголемуваат вредноста на објектот ќе се пребијат/компензираа со износот на закупнината која ќе биде определена во постапка за електронско јавно наддавање.

Член 4

Давањето во закуп на објектот ќе се спроведе според одредбите на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Куманово.

Бр. 09 – 6833/16
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

**198.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлука за разрешување и именување на членови на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово бр. 09 – 6833/19 што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7266/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**199.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ” бр. 202/24), член 25 став 1 точка 40 и член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), а во врска со членовите 181 и 182 од Законот за правда за

децата („Службен весник на РСМ“ бр. 66/24), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово**

**Член 1**

Се разрешуваат следниве членови на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово:

- Драгана Јосимовска, член на Советот на родители при ООУ „11 Октомври“ - Куманово,
- Надица Костовска, член на Советот на родители при ООУ „Вук Караџиќ“ - Куманово,
- Мирослав Ѓорѓевиќ, член на Советот на родители при ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово
- Светлана Митиќ, член на Советот на родители при ООУ „Карпош“ с. Умин Дол – Куманово,
- Виктор Кипријановски, член на Советот на родители при ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово.

**Член 2**

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Куманово, се именуваат:

- Милена Спасовска, член на Советот на родители при ООУ „11 Октомври“ - Куманово,
- Анита Трајковска Митревска, член на Советот на родители при ООУ „Вук Караџиќ“ - Куманово,
- Драган Златковски, член на Советот на родители при ООУ „Христијан Карпош“ - Куманово
- Драган Миливојевиќ член на Советот на родители при ООУ „Карпош“ с. Умин Дол – Куманово,
- Елена Кипријановска, член на Советот на родители при ОСТУ „Наце Буѓони“ – Куманово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 6833/19
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

200.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“ – Куманово бр. 09 – 6833/20 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7267/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

201.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово “бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Предлог на кандидати за член на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“ – Куманово бр. 09-6148/5 од 16.04.2026 од Комисија за селкција, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово**

Член 1

За членови на Управен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.01/26 – повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие ”Водовод”– Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Цветанка Ивановска
2. Арменд Ајрулаи – област финансиско работење

3. Анита Серафимовиќ Стојковска
4. Зора Саздовска
5. Стојча Симоновиќ
6. Жарко Денковски – област правни работи
7. Емилија Серчевска

Член 2

За членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Водовод“- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.01/26 -повторување за појавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие "Водовод"– Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Саше Алексовски – област дејност на претпријатие
2. Андријана Ивановска Спасиќ – област правни работи

Член 3

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 –6833/20
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

202.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ – Куманово бр. 09 – 6833/21 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 08-7268/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

203.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово “бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), и Предлог на кандидати за член на Управен и Надозрен одбор на Јавно претпријатие „ Чистота и зеленило“ бр. 09-6144/5 од 16.04.2026 од Комисија за селекција, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“- Куманово**

Член 1

За членови на Управен одбор на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.02/26 – повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие ”Чистота и зеленило”– Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Гордица Бошковска – област правни работи
2. Теута Реџепи Сабедини
3. Весна Темелковска
4. Елена Тасиќ
5. Војислав Јанковиќ
6. Бобан Кипријановски
7. Наташа Јакимовска – област финансиско работење

Член 2

За членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.02/26 - повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие ”Чистота и зеленило”– Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат

1. Анета Механджијска – област правни работи

Член 3

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 6833/21
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

204.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“ – Куманово бр. 09 – 6833/22 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7269/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

205.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово “бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Предлог на кандидати за член на Управен и Надозрен одбор на Јавно претпријатие “Пазаришта“ бр. 09-6145/5 од 16.04.2026 од Комисија за селекција, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта“- Куманово**

Член 1

За членови на Управен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.03/26 – повторување за projавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Милован Станковиќ
2. Ацо Божиновски
3. Бесник Азири
4. Маја Андоновска Додевска
5. Дајана Манчиќ - област правни работи.

Член 2

За членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.03/26 – повторување за projавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Искра Чугунцалиева – област финасиско работење
2. Биљана Јовчевска – област дејност на претпријатие.

Член 3

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 –6833/22
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

206.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - паркинг"- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - паркинг" – Куманово

бр. 09 – 6833/23 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-7270/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

207.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово "бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Предлог на кандидати за член на Управен одбор и Надзорен одбро на Јавно претпријатие "Куманово -паркинг" Куманово бр. 09-6146/5 од 16.04.2026 од Комисија за селекција, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово Паркинг"- Куманово**

Член 1

За членови на Управен одбор на Јавно претпријатие „Куманово Паркинг"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.04/26 – повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово Паркинг"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Тамара Стојановиќ
2. Мухамед Ќерими
3. Тони Митровски
4. Ирена Марковска Димитриевска - област правни работи
5. Александра Кипријановска - област финансиско работење
6. Елизабета Станковска

Член 2

За членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово Паркинг"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.04/26 - повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три)

членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово Паркинг"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Живка Величковска – област финансиско работење

Член 3

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 6833/23 Совет на Општина Куманово
27 април 2026 година Претседател,
Куманово **Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

208.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - гас"- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - гас" – Куманово бр. 09 – 6833/24 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-7271/1 Градоначалник
28 април 2026 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

209.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и

член 68 од Статутот на Општина Куманово („Служben гласник на Општина Куманово "бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Предлог на кандидати за член на Управен и Надзорен одбро на Јавно претпријатие за инфрструктурни проекти "Куманово- гас" бр. 09/6150/5 од 16.04.2025 од Комисија за селекција, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за инфраструктурни проекти „Куманово Гас"- Куманово**

Член 1

За членови на Управен одбор на Јавно претпријатие за инфраструктурни проекти „Куманово Гас"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.05/26 -повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие за инфраструктурни проекти „Куманово Гас"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Сашо Антиќ
2. Миодраг Петрушевиќ-област финансиско работење
3. Глорија Спасовска
4. Срѓан Милевски
5. Биљана Павловска
6. Меметаки Реџепи

Член 2

За членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие за инфраструктурни проекти „Куманово Гас"- Куманово по целосно спроведен јавен повик бр.05/26 – повторување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на на 7 (седум) членови на Управен одбор и 3 (три) членови на Надзорен одбор на Јавно претпријатие за инфраструктурни проекти „Куманово Гас"- Куманово, како прворангирани кандидати кои ги поминале сите фази на селекција се именуваат:

1. Милован Стојковски – област дејност на претпријатие
2. Бобан Стојановски – област правни работи

Член 3

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот и надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 –6833/24
27 април 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

210.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - план“- Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за објавување на Одлуката за именување на членови на Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Куманово - план“ – Куманово бр. 09 – 6833/25 што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 27 април 2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-7272/1
28 април 2026 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

211.

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-4 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово “бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21) и Предлог на кандидати за член на Управен и Надзорена одбро на јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови “Куманово- план“ – Куманово бр. 09-6151/5 од 16.04.2026 , Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 27 април 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови„Куманово План“- Куманово**

Член 1

